# СОЦИЈАЛЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
## 2023-2026

**мај 2023**


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala)  ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

**Содржина**

**1. Вовед**

1.1. Социо – економски карактеристики на општината
1.2. Законска регулатива
1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

**2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи на локално ниво**

2.1. Демографски фактори
2.2. Економски фактори
2.3. Социјални фактори

**3. Социјални услуги**

3.1. Постоечки социјални услуги
3.1.1. Услуги на информирање и упатување
3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка
3.1.3. Услуги на советување
3.1.4. Услуги во заедницата
3.1.5. Транспортни услуги

3.2. Нови социјални услуги
3.2.1. Услуги на информирање и упатување
3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка
3.2.3. Услуги на советување
3.2.4. Услуги во домот
3.2.5. Услуги во заедницата
3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

**4. Социјални ризици**

4.1. Идентификување на социјалните ризици во општината

**5. Потребни капацитети и финансиска поддршка**

**6. Лиценцирање на даватели на услуги**


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

# 1. ВОВЕД

Надлежноста на Општина Гевгелија од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, Општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки за надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните во локалната заедница, зголемување на достапноста на услугите и нивно креирање согласно со потребите на најзагрозените граѓани, со цел:

- одржување на социјалната сигурност на граѓаните;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Програмата за социјална заштита овозможува финансиска поддршка на ранливи категории граѓани кои имаат потреба од помош за да се надмине состојбата, која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјалното функционирање на поединецот или семејството.

За разлика од бенефициите кои се поврзани со парични средства и се фокусирани на подобрување на финансиската положба на граѓаните, социјалните услуги имаат за цел задоволување на нефинансиските потреби и непречено остварување на развојни социјализаторски задачи. Тие можат да бидат лични социјални услуги (personal social services), хумани социјални услуги (human social services) или услуги за социјална нега (social care services).

Социјалниот план на Општина Гевгелија содржи мапирање на социјални проблеми и ранливи групи во општината, анализа на капацитетите на постоечките социјални услуги и утврдување на потребите за развој на социјални услуги во општината. Овој документ има за цел да послужи како основа за краткорочно и долгорочно стратешко планирање на социјално-заштитните активности на Општина Гевгелија и изработка на Годишните планови во областа на социјалната заштита.

Согласно одредбите кои произлегуваат од Закон за социјална заштита со Одлука бр. 09-1984/1 донесена од Советот на Општина Гевгелија, на седница одржана на 28.11.2019 година, формиран е Советот за социјална заштита во Општина Гевгелија.

Советот за социјална заштита во Општина Гевгелија е составен од претставници на општинската администрација, Центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, Полиција и Јавно обвинителство од подрачјето на општината.

## 1.1. Социо - економски карактеристики на општината

Општина Гевгелија се наоѓа во најјужниот дел од Република Северна Македонија, на самата граница со Република Грција, на надморска височина од 64 м. и на простор од 485 км$^2$. Градот Гевгелија лежи во рамниот дел на котлината чии природни граници се: од исток реката Вардар, од југ Сува Река, кон запад нема природна граница, рамнината продолжува кон Моин, кон север Караорман и Мрзенски Рид меѓу кои, низ куса долина, поминува регионалниот пат за Негорци.

Во состав на општината се 17 населени места: Богородица, Негорци, Прдејци, Миравци, Давидово, Смоквица, Моин, Габрово, Милетково, Петрово, Ново Конско, Конско, Мрзенци, Серменин, Кованец и Ума.

Според Пописот 2021, во општината живеат 21.582 жители, од кои 10.700 мажи и 10.882 жени.

**Според возраст, поделбата на населението во општина Гевгелија е како што следува:**

| возраст | вкупно | мажи | жени |
|---|---|---|---|
| вкупно | 21582 | 10700 | 10882 |
| 0-4 | 1008 | 486 | 522 |
| 5-9 | 1056 | 540 | 516 |
| 10-14 | 1076 | 549 | 529 |
| 15-19 | 1009 | 519 | 494 |
| 20-24 | 1050 | 534 | 516 |
| 25-29 | 1182 | 603 | 579 |
| 30-34 | 1340 | 685 | 655 |
| 35-39 | 1694 | 872 | 822 |
| 40-44 | 1600 | 832 | 768 |
| 45-49 | 1573 | 831 | 742 |
| 50-54 | 1515 | 772 | 742 |
| 55-59 | 1597 | 800 | 797 |
| 60-64 | 1706 | 827 | 879 |
| 65-69 | 1516 | 681 | 835 |
| 70-74 | 1178 | 535 | 643 |
| 75-79 | 728 | 306 | 422 |
| 80-84 | 523 | 250 | 273 |
| 85+ | 231 | 83 | 148 |

*(Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија-Попис 2021)*

**Според последниот Попис во 2021 година според изјаснување по национална припадност во општина Гевгелија состојбата е:**

| **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19778<br>96,1% | 20<br>0,1% | 59<br>0,3% | 21<br>0,1% | 266<br>1,2% | 217<br>1,0% | 8<br>0,0% | 1213<br>0,8% |

*(Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија-Попис 2021)*

### 1.2. Законска регулатива

- Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22),
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104/19),
- Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22),


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

- Законот за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21),
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 138/14, 33/15 и 150/15),
- Законот за финансирање на единиците на Локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5/02),
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита  во Република Северна Македонија;

### 1.3. Општинска структура за спроведување на Социјалниот план

Во Општината функционира Општинскиот совет за социјална заштита, формиран од Советот на Општина Гевгелија. Советот за социјална заштита е составен од претставници на општинската администрација, Центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, Полиција и Јавно обвинителство од подрачјето на општината.

Улогата на Општинскиот совет за социјална заштита е да изготви Социјален план за подрачјето на Општина Гевгелија. Социјалниот план содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината. Градоначалникот, врз основа на Социјалниот план, изготвува Годишна програма за социјалната заштита, која ја донесува Советот на Општината.

## 2. Мапирање на социјалните проблеми и ранливи групи на локално ниво

За потребите на овој Социјален план, беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на подрачјето на општина Гевгелија, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес, преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење, придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребна акција.

Општина Гевгелија, Меѓуопштински центар за социјална работа – Гевгелија, Заедница на инвалидски организации Гевгелија, Здружение НАЦИОНАЛНА АЛИЈАНСА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ Гевгелија, Фондација АПОЛОНИЈА – Гевгелија и Фондација ИЦЕ БЕГОВ Скопје, склучија Меморандум за соработка  со цел реализација на заеднички проект **„Мапирање на реалните потреби на лица со попреченост на возраст над 15 години во општина Гевгелија“.** Како резултат на мапирањето ќе се изработи локална стратегија за подобрување на социјалниот живот, активна вклученост и подобрување на квалитетот на животот на лицата со попреченост во општина Гевгелија.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala)  ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

### 2.1. Демографски податоци

Согласно со преземените статистички податоци од Државен завод за статистика на РСМ (Попис 2021 година), Агенција за вработување на РСМ и ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, се добиени следниве податоци:

| | |
|---|---|
| **Родени** | 153 |
| **Умрени** | 378 |
| **Природен прираст** | -225 |
| **склучени бракови** | 97 |
| **Разведени бракови** | 29 |

### 2.2. Економски фактори

Според податоците од Агенција за вработување на РСМ, бројот на невработени лица во општина Гевгелија со состојба на ден 31.12.2022 година изнесува 962 лица од кои 683 се од Гевгелија, а 299 се од населените места. Во табелата се прикажани податоци за невработени лица по возраст, школска подготовка и национална припадност.

| Вкупен број на невработени лица | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| | 962 | 485 | 477 |
| **Возраст** | | | |
| 15-19 години | 13 | 7 | 6 |
| 20-24 години | 53 | 30 | 23 |
| 25-29 години | 58 | 38 | 20 |
| 30-34 години | 51 | 31 | 20 |
| 35-39 години | 77 | 48 | 29 |
| 40-44 години | 96 | 54 | 42 |
| 45-49 години | 99 | 46 | 53 |
| 50-54 години | 89 | 50 | 39 |
| 55-59 години | 191 | 100 | 91 |
| над 60 години | 235 | 81 | 154 |
| **Школска подготовка** | | | |
| Без образование и со основно образование | 427 | 201 | 226 |
| Непотполно средно образование | 150 | 58 | 92 |
| Завршено средно образование | 273 | 160 | 113 |
| Више образование | 15 | 3 | 12 |
| Високо образование | 87 | 54 | 33 |
| Магистри на науки | 10 | 9 | 1 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 |
| **Национална припадност** | | | |
| Македонци | 882 | 456 | 426 |
| Албанци | 2 | 2 | 0 |
| Турци | 33 | 13 | 20 |
| Роми | 15 | 7 | 8 |
| Срби | 28 | 6 | 22 |
| Власи | 1 | 0 | 1 |
| Бошњаци | 0 | 0 | 0 |
| Други | 1 | 0 | 1 |

Според податоците од Агенција за вработување на РСМ, бројот на невработени инвалидни лица во општина Гевгелија со состојба на ден 31.12.2022 година изнесува 11 лица, од кои 5 се жени. Според возраста и полот, бројот на невработени лица е: од 35 до 39 години има невработени 2 лица од кои двете се жени, од 40 до 44 години од 4 невработени лица 2 се жени и 2 мажи, од 45 до 49 години има невработени 2 жени, од 50 до 54 години 1 невработена жена и од 55 до 59 години има невработени 2 жени со инвалидитет.

Во табелата се прикажани податоци за невработени инвалидни лица по возраст и школска подготовка.

| Вкупен број на невработени инвалидни лица | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| | 11 | 5 | 6 |
| 15-19 години | 0 | 0 | 0 |
| 20-24 години | 0 | 0 | 0 |
| 25-29 години | 0 | 0 | 0 |
| 30-34 години | 0 | 0 | 0 |
| 35-39 години | 2 | 2 | 0 |
| 40-44 години | 4 | 2 | 2 |
| 45-49 години | 2 | 0 | 2 |
| 50-54 години | 1 | 1 | 0 |
| 55-59 години | 2 | 0 | 2 |
| над 60 години | 0 | 0 | 0 |
| Школска подготовка | | | |
| Без образование и со основно образование | 7 | 3 | 4 |
| Непотполно средно образование | 1 | 1 | 0 |
| Завршено средно образование | 3 | 1 | 2 |
| Више образование | 0 | 0 | 0 |
| Високо образование | 0 | 0 | 0 |
| Магистри на науки | 0 | 0 | 0 |
| Доктори на науки | 0 | 0 | 0 |

## 2.3. Социјални фактори

За одредување на социјалните фактори, се користени податоци добиени од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, како би послужиле за мапирање на лица изложени на социјален ризик во Општина Гевгелија и нивните потреби.

Според податоците од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гевгелија, состојбата со социјалната заштита по број на корисници во општина Гевгелија е следна:

- гарантирана минимална помош за лица материјално-необезбедени, работоспособни и за лица неспособни за работа до 65 години, потврдено со наод и мислење од соодветна комисија, примаат 149 домаќинства;
- паричен надоместок за помош и нега од друго лице примаат вкупно 823 корисника од кои 160 ова право го користат трајно, а 334 корисника го користат одреден период во зависност од наодот и мислењето на комисијата;
- надоместок за попреченост примаат 116 корисника;
- надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања примаат 10 домаќинства;
- правото на социјална сигурност за стари лица го користат 45 корисника;

- право на здравствена заштита го користат 80 лица;
- паричен додаток заради покривање на дел од трошоците за потрошувачка на енергенси во домаќинството користат вкупно 149 домаќинства приматели на ГМП и 45 корисника на социјална сигурност;
- паричен надоместок за мајка која родила 4 дете користат 4 мајки;
- гарантиран детски додаток примаат 52 корисника;
- посебен додаток примаат 67 корисника;
- родителски додаток за трето дете примаат 141 лице.

Според статистичките податоци од Државен завод за статистика на РСМ (Попис 2021 година), во општина Гевгелија бројот на лица со попреченост е:

| Вид на попреченост | вкупно | жени | мажи |
|---|---|---|---|
| | **1182** | **656** | **526** |
| Вид | 153 | 92 | 61 |
| Слух | 104 | 54 | 50 |
| Движење | 518 | 312 | 206 |
| Комуникација | 62 | 25 | 37 |
| Друго | 345 | 173 | 172 |

## 3. СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

За разлика од ние бенефиции кои се поврзани со парични средства и се фокусирани на подобрување на финансиската ситуација на граѓаните, социјалните услуги се ориентирани кон помош за задоволување на нефинансиските потреби и непреченото остварување на развојни и социјализаторски задачи. Тие понекогаш се нарекуваат лични социјални услуги (personal social services), хумани социјални услуги (human social services) или услуги за социјална нега (social care services) од причина што задоволувањето на финансиските потреби на ранливите групи граѓани е клучно за нивната сигурност, но, сепак, не значи неопходно обезбедување на задоволувачко ниво на социјално функционирање.

Социјалното вклучување на ранливите групи најдобро се остварува преку обезбедување на достапност на социјалните услуги во заедницата, развој на услугите според потребите за помош, јакнење на капацитетите на корисниците, отстранување на пречките и овозможување на еднакви можности за нивно социјално вклучување.

Социјалните услуги кои се обезбедуваат од Законот за социјална заштита се:
- Услуги на информирање и упатување;
- Услуги на стручна помош и подршка;
- Услуги на советување;
- Услуги во домот;
- Услуги во заедницата;
- Услуги за вон-семејна заштита.

### 3.1. ПОСТОЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

#### 3.1.1. Услуги на информирање и упатување

Согласно член 71 од Законот за социјална заштита, се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Гевгелија.

Општина Гевгелија ја дава оваа услуга преку општинската администрација, односно вработено лице во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт.

### 3.1.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Согласно член 72 од Законот за социјална заштита, се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Гевгелија.

### 3.1.3. Услуги на советување

Согласно член 73 од Законот за социјална заштита, се обезбедени преку ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Гевгелија.

### 3.1.4. Услуги во заедницата

**Услуги за дневен престој**

**Дневен центар за лица со попреченост** - функционира како организациона единица на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија и целосно е финансиран од страна на Министерството за труд и социјална политика.

Дневниот центар дава услуга на дневно згрижување и престој, нега, исхрана, психосоцијална рехабилитација и реедукација, советодавна работа и услуги на организирано поминување на времето. Моментално, во Центарот се згрижени 17 лица со умерени и тешки пречки во менталниот развој. Со овој капацитет се обезбедува грижа, можност за индивидуален пристап и третман, групна работа и креирање на пријателски односи помеѓу децата.

**„Центарот Мајка Тереза“– Гевгелија** започна со работа во март, 2017 година, финансиран е во најголем дел од странските католички добротворни организации Италијанската Бискупска Конференција, Германската Иницијатива „Реновабис“ и Каритас Италија, а е спроведуван од Католичката црква во Македонија во партнерство со локалните гевгелиски невладини организации- Здружението „Национална Алијанса за лица со посебни потреби“ и Фондацијата „Аполонија“. Овој современо опремен терапевтски центар е создаден да одговори на потребите и барањата на лицата со посебни потреби и нивните семејства, нудејќи квалитетни услуги од квалификувани стручни лица, кои се базирани на индивидуален пристап според способностите и интересот на самите корисници. Општина Гевгелија, преку Програма за поддршка на активностите на НВО сектор, финансиски го поддржува Здружението „Национална Алијанса за лица со посебни потреби“.

### 3.1.5. Транспортни услуги

Транспортните услуги според видот спаѓаат во социјални услуги во локална заедница. Со овој вид на услуга се овозможува социјално вклучување на лицата со попречености.

Услугата опфаќа бесплатен превоз на штитениците на Дневниот центар за лица со посебни потреби од нивните домови до центарот и обратно. Право на користење на превозот имаат и нивните придружници.

Превозот се организира по претходно спроведување на постапка согласно Законот за јавни набавки, а врз основа на податоци добиени од Центарот.

## 3.2. НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

За ублажување на сиромаштијата, за поддршка на ранливите групи и за промовирање на самостојното и пристојно живеење на граѓаните, важна активност е обезбедувањето квалитетни социјални услуги на локално ниво. Клучен предуслов за обезбедување на пристап до социјални услуги е законодавството, но, сепак, тоа не е гаранција дека услугата, всушност, е обезбедена (целосно, ефикасно и ефективно) на локално ниво. Од голема важност е локалните носители на политики да ги промовираат социјалните услуги што им стојат на располагање на локалното население.

Општината во соработка со засегнатите чинители ќе овозможи, односно ќе создаде услови за функционирање на постоечките услуги, нивна одржливост како и услови за развој на нови социјални услуги, согласно потребите на локалното население.

За постоечките социјални услуги, како и развојот на нови социјални услуги Општината ќе обезбеди средства од сопствениот буџет, од европски фондови, донации, од буџетот на Министерство за труд и социјална политика и други фондови.

### 3.2.1. Услуги на информирање и упатување

Покрај тоа што ЈУ МЦСР Гевгелија ја има основната улога во овој поглед, Оштина Гевгелија ја дава оваа услуга преку општинската администрација, односно вработено лице во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт.

### 3.2.2. Услуги на стручна помош и поддршка

Оваа услуга е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Гевгелија и истата ќе се обезбедува од нивна страна.

### 3.2.3. Услуги на советување

Оваа услуга е во надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи - Гевгелија и истата ќе се обезбедува од нивна страна. Покрај тоа, Оштина Гевгелија ќе ја дава оваа услуга преку општинската администрација, односно вработено лице во Одделението за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт.

### 3.2.4. Услуги во домот

**Помош и нега на лица во домот**

Врз основа на податоците од ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа-Гевгелија, констатирано е дека има потреба од развој на услуга во домашни услови за стари лица.

Со цел да се урамнотежи зависноста, слабоста и тешкотијата поради возраст, болест, изнемоштеност или социјални пречки, потребно е да се обезбеди:

- поддршка и помош во извршување на секојдневните животни обврски;
- помош на лицето да живее дома и да ја избегне изолацијата;
- помош и придружба во социјален живот и меѓусебни односи.

Услугата ќе биде предвидено да се испорачува за минимум 10 стари лица.


Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

**Лична асистенција**

Општина Гевгелија и Општина Богданци, врз основа на Договор за меѓуопштинска соработка и ОО Црвен Крст – Гевгелија, како давател на услугата, аплицираа на Јавниот повик за доделување на грантови за развој на социјални услуги објавен од Министерството за труд и социјална политика, финансиран од Светска банка. Проектот предвидува развој на социјалната услуга - лична асиситенција.

Услугата лична асистенција можат да ја користат лица со потешка и најтешка инвалидност и потполно слепи лица, на кои им е потребна помош и нега во домот од друго лице.

Услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за деца од 6 години и возрасни лица со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кое лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка. Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во зедницата и други активности од интерес на лицето, до 80 часа месечно.

Проектот поднесен од двете Општини и давателот на услугите е одобрен и за истиот Министерството за труд и социјална политика обезбеди грант од 7.131.336 денари, кофинансирањето од Општините е 277.912 денари, а од давателот на услугата 129.600 денари.

Ќе бидат ангажирани 12 лични асистенти, кои по завршувањето на обуката ќе се стекнат со лиценца за лични асистенти, а услугата ќе ја користат 24 лица.

**3.2.5 Услуги во заедницата**

Услуги во заедницата опфаќаат услуги на дневен, привремен престој, ресоцијализација, рехабилитација, реинтеграција, на корисници, одмена на семејна грижа и куќа на пола пат заради превенција, згрижување и заштита, а со цел овозможување на корисникот да продолжи да живее во сопствениот дом, односно заедницата и превенција на потребата од вонсемејна заштита.

**Транспортни услуги**

Транспортните услуги според видот спаѓаат во социјални услуги во локална заедница, со што корисниците ја добиваат услугата на определено место и време, а живеат во своите домови. Земаат значајно место бидејќи со овој вид на услуга се овозможува социјално вклучување на лицата со попречености.

Општина Гевгелија врз основа на договор доби донација од Фондација „ИЦЕ БЕГОВ“ за користење наменско возило со пристапна рампа и можност за превоз на лица со телесен инвалидитет и друга попреченост. Општината е обврзана донираното наменско возило да го стави на располагање и користење на следните корисници:

- Корисниците на Дневен Центар ЈУ МЦСР – Гевгелија;
- Членови на Заедницата на инвалидски организации во Гевгелија составена од: Здружение на слепи, Здружение на глуви, Здружение на лица со интелектуална попреченост ‘„Порака“ и Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- Гевгелија;
- Членови на Национална алијанса за лица со посебни потреби- Гевгелија;

- Лица со попреченост, телесен инвалидитет кои не се во можност самостојно да обезбедат превоз за користење на здравствена, социјална или друга потреба и административна услуга.

### 3.2.6. Услуги за вон-семејна заштита

**Згрижување во семејство**

Оваа услуга е управувана од МТСП, односно МЦСР Гевгелија, но, сепак, Општина Гевгелија може да даде придонес во поддршка на Кампањата за обезбедување што поголем број згрижувачки семејства.

**Сместување во установа**

**Дом за стари лица**- услуга за стари лица, кои имаат потреба од сместување во установа која обезбедува: згрижување, 24-часовна помош и поддршка од стручни лица, исхрана, облека и обезбедување здравствена заштита, во зависност од утврдените потреби на корисникот, кој нема услови за живеење во своето семејство или од други причини му е потребна вон-семејна заштита.

## 4. СОЦИЈАЛНИ РИЗИЦИ

Согласно добиените административни и статистички податоци од институции, податоци од Здруженија на граѓани и извршеното мапирање во општина Гевгелија, идентификувани се следните социјални ризици:
- старост;
- сиромаштија;
- попреченост;
- насилство;
- зависност.

### 4.1. Идентификување социјални ризици во општината

| Социјален ризик | Спецификација на социјални ризици | Постоечки услуги | Постоечки човечки ресурси | Развој на нови услуги | Потребни ресурси |
|---|---|---|---|---|---|
| старост | Стари лица над 65 години<br>Стари изнемоштени лица<br>Стари лица со попреченост<br>Стари лица со хронични болести | | Вработени во ЈУ МЦСР Гевгелија | Услуга во домот<br>Услуга во заедницата (дневен престој)<br>Услуга на вон-семејна заштита (сместување во установа) | сертифицирани негуватели/ки физиотерапев-ти |
| сиромаш-тија | Долгорочно невработени лица, корисници на право на социјална парична помош<br>Лица без квалификации, способности и вештини | Услуги за информирање и упатување | Општинска администрац ија<br>Вработени во ЈУ МЦСР Гевгелија<br>ОО на Црвен Крст-Гевгелија | Услуги за информирање и упатување<br>услуги на советување<br>услуги на стручна помош и поддршка<br>услуги во заедницата | Правник<br>Социјален работник<br>Тренинг-провајдери<br>Психолог |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| попрече-ност | Лица со физичка попреченост<br>Лица со интелектуална попреченост<br>Лица со аутизам и даунов синдром<br>Лица со комбинирана попреченост | Услуга во заедницата (услуга за дневен престој)<br>Услуга на советување<br>Услуга на информирање и упатување | Социјален работник<br>Психолог<br>Дефектолог<br>Логопед | Услуги во домот (лична асистенција)<br>Услуга во заедницата (услуга за дневен престој, транспортни услуги) | Сертифицира-ни лични асистенти<br>Физиотерапевт<br>Логопед<br>Дефектолог |
| насилство | Жени жртви на семејно насилство<br>Деца жртви на семејно насилство<br>Мажи жртви на семејно насилство<br>Врсничко насилство | Услуга на советување<br>Услуга на информирање и упатување | Општинска администраци-ја<br>Вработени во ЈУ МЦСР Гевгелија | Услуги во заедницата (рехабилитација, ресоцијализација, услуга за привремен престој) | Психолог<br>Психотерапевт<br>Социјален работник |
| зависност | Лица зависници од наркотични средства<br>Лица зависници од алкохол<br>Лица зависници од коцкање | Услуги за информирање и упатување<br>услуги на советување<br>услуги на стручна помош и поддршка | Вработени во ЈУ МЦСР Гевгелија | - Услуги за советување<br>- Услуги за стручна помош и поддршка<br>- Услуги во заедницата | Психолог<br>Психијатар<br>Социјален работник<br>Рехабилитатор |

## 5. Потребни капацитети и финансиска поддршка

| Нова услуга | форма | Инфра-структура (постоечки во изградба, потребна реконстру-кција, потребна адаптација) и опрема | Капцитет/ опфат (број на корисници, површина, територија, итн.) | Потребни финансиск и средства | Извори на финансира-ње или начин на прибирање на потребните финансиски средства | Планирана соработка со: | Време/ период на реализа ција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги на информира-ње и упатување | Услуги на информирање и упатување ќе биде насочена кон активација и вклучување на пазарот на трудот | Простории на Општина Гевгелија | долгорочно невработен и или тешко вработливи и лицата со попрече-ност кои се на евиденција та на Центарот за вработува-ње Гевгелија | | Општински буџет донации | МЦСР Гевгелија АВРМ-Центар за вработу-вање Гевгелија | 2023-2026 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуги на советување | психосоцијално советување и подршка на жртви на семејно насилство и родово базирано насилство | Простории на ЈУ МЦСР Гевгелија | жртви на семејно насилство и родово базирано насилство | | Општински буџет донации | МЦСР Гевгелија КЕМ НВО | 2023-2026 |
| Услуга во домот | Помош и нега во домот | Обезбеду-вање простор за воспоставу-вање и испорака на услугата | Во зависност од извршено мапирање | | МТСП Светска банка Општина Гевгелија Давател на услуга УНДП- ОКР Програма | МТСП Светска банка Општина Гевгелија НВО УНДП | 2024 |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Обезбеду-вање простор за воспоставу-вање и испорака на услугата | 24 корисника (10 од општина Гевгелија, 2 од општина Богданци) | 12 лични асистенти х 160 часа х 12 месеци х 269 денари/час = 6 197 760 ден. Опремува-ње простор Патни трошоци за обуки Канцелари ска опрема и материјал =1.341.088 ден. | МТСП Светска банка Општина Гевгелија и Општина Богданци ОО на Црвен крст Гевгелија | МТСП Светска банка Општина Гевгелија и општина Богданци ОО на Црвен крст Гевгелија | 2023-2024 |
| Услуги во заедницата | Транспортни услуги | Наменско возило со пристапна рампа | Корисници на Дневен центар за лица со посебни потреби Членови на заедница на инвалидски организаци и Членови на Национал-на алијанса на лица со | 1.000.000 денари годишно | Фондација „ИЦЕ БЕГОВ“ Општински буџет донатори | МЦСР Гевгелија Заедница на инвалид-ски организа-ции Национал-на алијанса на лица со посебни потреби Фондација „ИЦЕ | контину-ирано |


Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353 (centrala) ++389 34 216 899 (Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | посебни потреби Лица со попрече-ност кои не се во можност сами да обезбедат превоз | | | БЕГОВ“ | |
| Услуга на вон-семејна заштита | услуга за сместување во установа за стари лица | Изградба на објект за сместување - регионален | Во зависност од извршено мапирање | Потребен буџет за изграда | Општина Гевгелија, општини од регионот, Донатори, МТСП | Општина Гевгелија, општини од регионот, Донатори, МТСП | 2023-2026 |

**6. Лиценцирање на даватели на услуги**

Според Законот за социјална заштита, МТСП издава дозвола за вршење работи од социјална заштита на правни и физички лица под услови утврдени со овој Закон, утврдува стандарди и нормативи за давање социјални услуги. Соодветно на потребите на новите социјални услуги, ќе се врши дополнително лиценцирање согласно со правилниците кои произлегуваат од Законот.

Прилог – Одлука за формирање на Општински совет за социјална заштита